**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Десеттото продолжение на Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 март 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12.10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците кои се уште не влегле во салата, а се наоѓаат во зградата на Собранието, да повелат да влезат во салата, да ги завземат своите места, за да можеме да започнеме со работа.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со работа по 104 седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Фијат Цаноски, Гоце Марковски, Љубчо Георгиевски,Али Ахмети, Мендух Тачи,Азис Положани,Арбен Џафери, Бесим Догани, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска,Лазар Китановски,Владо Бучковски, Радмила Шеќеринска и Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат 62 пратеника.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Предлог за донесување на закон за научно истражувачка дејност, со Предлог на закон.**

Претресот по Предлгот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за научно истражувачка дејност.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник.Сите 61 гласаа за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, за гласале 52, воздржани нема, против 2.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот наПредлогот на закон.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 8, став1, член 10, став 1 за додавање втора реченица и за додавање нов став 2 по ставот 1. Член 17 став 1, член 32 став 4, член 50 став 2 на втората реченица, член 54 за додавање нов став 4 по ставот 3, член 59 став 1 алинеи 1 и 4 и на член 61 став 1 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Пратениците Азис Положани, Сафет Незири, Теута Арифи, Агрон Буџаку, Аднан Јашари, Ајше Селмани, Селвие Салиу и Зумрете Јакупи, поднесоа амандмани на член 5 став 1 за менување на алинеата 4, член 4 алинеа 11, член 14 став 1, член 50 став 2 и на член 61 став 3 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Славица Грковска поднесе амандмани на член 5 за менување на став 1, член 5 за бришење на алинеа 6. Член 6 за менување на став 4. Член 8 став 1 и за додавање нов став 2 по ставот 1. Член 9 став 2, алинеи 2 и 10.Член 10, став 1, член 14 за менување на местата на ставовите 8 и 9. Член 25 за бришење на став 3 и на член 39 став 3 по кои Владата не се произнела .

Пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули поднесоа амандмани на член 2 точка 2, член 3 за додавање нова алинеа 12 по алинеата 11, член 4 за додавање нова алинеа 12 по алинеа 11, член 5 став 1 за додавање нова алинеа 7 по алинеа 6, член 6 став 3,член 8 став 1, член 9 став 1, член 10 став 1, член 14 став 2, член 16 став 2 за додавање нова алинеа 4 по алинеа 3, член 17 став 3 за дадавање нова алинеа 5 по алинеа 4, член 18 став 2 за дод вање нова алинеа 5 по алинеа 4, член 25 став 3 за додавање нова реченица, член 26 став 3 за додавање нова реченица, член 29 став 1, член 36 став 4, член 40 став 1 и на член 54 за додавање нов став 4 по ставот 3 по кои Владата не се произнела.

Отварам претрес по амандманот на член 2 точка 2 поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер, господин Лазаров.

**Јован Ла заров:** Благодарам претседателе.

Овде се предлага во членот 2 во поимникот апликативните, односно применливи истражувања кои опфаќаат трансвер на знаења за подобрувања на постојните и воведување нови технологии, како и примена на тие знаења во изнаоѓање на практични решениа за развојот на стопанството, да гласи: за развојот на државата. А ние цаниме дека е добро формулирано затоа што прва цел е развој на стопанството, а со развој на стопанството се развива државата. Развојот на државата цениме дека опфаќа поширок поим, тука се и култура и сите други области.

Од тие причини Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа

амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Мислам дека не е правилно толкуван предлогот. Значи таму пишува во Предлогот на законот: примена на тие знаења во изнаоѓање практични решенија за развој на стопанството. Ние наместо "стопанството" предлагаме "земјата" бидејќи тоа е поширок поим во кој што, значи апликативните применливи истражувања не мора да се однесуваат само на стопанството, можат и на нестопанството значи во друга смисла на културолошки развој на земјата од областа на уметност и на другите дејности. Значи не се однесува само на стопанството. Така што стопанството се содржи во развој на земјата, значи на државата, она кое што е основна цел за научно истражувачката апликативна дејност. Мислам дека е од техничка природа, го допрецизираат членот и мислам дека треба да се прифати.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Роза Топузова-Каревска

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Навистина сум изненадена да не се прифати овој амандман, затоа што можеби не само што е од техничка природа, напротив сметам дека има и значење и треба да се прифати со оглед на тоа дека решенијата кои што изнаоѓаат, значи практични решанија за развој на стопанството мислам дека не е логично со оглед на тоа дека имаме научни институции и тоа баш оние јавните институции или така наречените национални институти кои што не гледам по што би имале апликативни и применливи истражувања во областа на развојот на стопанството. Напротив, петте досега од сега еве ќе бидат 7 национални институти, значи како јавни научни установи вклучувајќи го и хидробиолошкиот институт и институтот за Албанологија. Значи, не гледам, ајде Хидробиолошкиот можам да го исклучам, но останатите досегашни пет институти што би допринеле во развојот на стопанството. Мислам дека беше логично заменик министерот да го прифати амандманот, затоа што и сите пет институти работат во дејноста на науката која што е многу значајна за историјата на нашата земја, за развојот на нејзината култура, јазик, наука, значи нејзината историја. Но, во никој случај немаме развој на стопанството. Навистина ќе кажете што тука би можеле да бидат апликативни. Но, јас сметам дека и тука можат да се најдат апликативни истражувања кои што ќе бидат навистина во насока за изнаоѓање на практични решенија за развој на земјата, државата, како сакате. Но, мислам дека стопанството, дури сметам дека е направена и некоја грешка, или превид, или можеби ако сакате стопанството, земјата. Навистина не гледам зошто не е прифатен овој амандман и што е толку страшно ако, еве остане и стопанството, па да кажеме, земјата. Се надевам дека заменикот министер ќе размисли во оваа насока и ќе го прифати овој амандман, или можеби во текот на расправата ќе предложи амандман кој технички ќе го подобри членот 2 и поимникот ќе го направи поприменлив затоа што знаеме дека поимникот е многу клучен и за понатамошните одредби во самиот закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Гласале 51 пратеник, за гласале 10, воздржани нема, против гласале 41.

Ги молам службите да ги пребројат присутните пратеници за да го прогласиме гласањето валидно.

Во салата во време на гласањето биле присутни 68 пратеници.

Според тоа гласањето е валидно.

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нова алинеја 2 по алинеја 11, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Јован Лазарев:** Овде во членот 3 во кој се дефинираат начелата во научно истражувачката дејност се предлага да се додаде нова алинеја која гласи - ставање на науката во функција на развојот на државата.

Ние цениме дека тоа не треба да биде во начелата и како таков го одбиваме, меѓутоа покажуваме подготвеност да го прифатиме доколку предлагачите прифатат, наместо во членот 3 оваа алинеја да биде ставена во членот 4 каде се целите на законот и мислиме дека таму местото му е посоодветно.

Значи, доколку предлагачите прифатат да биде овој амандман, за член 4 алинеја 10, да се додаде, го прифаќаме како таков.

Молам, предлагачите да се изјаснат.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Навистина се трудам да разберам на кој начин вие тоа го толкувате.

Основно начело на научно истражувачката дејност е да ја стави науката во функција на државата. Тоа е основно начело, цели на законот. Меѓу другото таму постојат и други предлози за проширување на овие цели кои се наведени.

Основно начело, по мое сфаќање треба прво да биде, научно истражувачката дејност постои, за ставање на науката во функција на развој на државата. Зошто инаку научно истражувачката дејност воопшто би ја развивале. Меѓутоа развој

на државата е многу поширок поим и во функција на афирмација на државата е развојот на државата.

Мислам дека нема ништо да се постигне ако во целите на законот го префрлите тоа. Ова е основно начело на кое се потпира научно истражувачката дејност. Според мене дури требаше прва алинеја да биде, а не 11-та алинеја, како што предлагаме во тој дел.

Не гледам дека во целите на законот тоа нешто би подобрило.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Да видиме што мисли Владата.

Повелете заменик министер.

**Јован Лазарев:** Јас не слушнав, значи предлагачите не прифаќаат да биде за член 4. Како таков го одбиваме.

**Љубиша Георгиевски:** Значи Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, навистина не ја гледам логиката што ќе промени во прифаќањето на амандманот ако тој биде цел на законот, а не начело на кое треба да се базира научно истражувачката дејност.

Тоа што и господинот Герамитчиоски го зборуваше, ако научно истражувачката дејност не се базира врз начелото на ставање на науката во функција на развој на државата, тогаш не ја гледам логиката, да се префрли во целите. Тогаш може да биде развојот на државата целосно, а не може да биде ставање на науката во функција на развојот на државата.

Мислам дека со еден ваков ригиден однос од страна на заменик министерот кон амандманите кои апсолутно од техничка природа сакаат да подобрат нешто, е само слика на тоа како Владата размислува во оваа каша во која се наоѓа во овој момент.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има госпоѓа Мирјана Секуловска, повелете.

**Мирјана Секуловска:** Благодарам почитуван претседателе.

Овој амандман што го имаат поднесено колегите и кој гласи - ставање на науката во функција на развој на државата, во членот 3, во последната алинеја стои - применливост на резултатите. Всушност, на некој начин резултатите од науката се аплицираат некаде во стопанството во државата. Таа алинеја - применливост на резултатите е идентична со ставање на науката во функција на државата.

Меѓутоа јас сакам да потенцирам и она што го кажа заменик министерот, всушност основната цел за третирање во законска рамка на научно истражувачката дејност, основната цел е ставање на науката во функција на развој на државта, или развој на земјата. Затоа овој амандман јас не го прифаќам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, јас сакам да ја изразам својата разочараност зошто претходниот и овој амандман не се прифатени заради тоа што единствено што можеше да се придонесе со овие амандмани е да се подобри текстот на законот, а не нешто спротивно, уште повеќе заради тоа што станува збор и за претходниот и за овој амандман кои не се само од техничка природа, ако се гледаат површно, туку напротив се од суштинска природа и значително го подобруваат текстот на законот.

Јас сум убедена дека парламентарното мнозинство нема да го прифати.

Ако амандманот гласеше - ставање на науката во функција на величање на неговото величество, премиерот Груевски, тогаш сум сигурна дека ќе го прифатеше. Вака нема интерес ниту за подобрување на законот, нема интерес за работа. После 14,00 часот ќе бидеме сведоци на присутни само на пет пратеници од ВМРО-ДПМНЕ во салата. Нема услови за работа во Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Јас не можам да разберам како може некој да си го толкува нешто што некој друг го предложил.

Заменик министерот, како претставник на Владата прифаќа дека има смисла предлогот и дека само се разликуваме во тоа каде му е местото. Сега ако има некој анимузитет и само треба да се зборува, да се кажува против, тоа мислам дека е одлика на таа личност.

Применливост на резултатите и ставање на науката во функција на развој на државата не е едно исто. Само кој што разбира, разбира, кој не разбира, не разбира. Не може тоа треба симпозиум да држиме па да кажуваме што е што. Ние предлагаме да биде во начелата или се прифаќа или не се прифаќа и толку. Толкување на нешто за кое што не се разбира не му е местото тука.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставаме на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 49 пратеника, за гласале 9, воздржано 1, против 39.

Со оглед на тоа дека многу мал број пратеници гласале ги молам службите да установат точен број на присутни пратеници.

Ги молам службите да установат точен број на пратеници.

Ги молам пратениците кои се уште не влегле во салата ги молам да влезат во салата бидејќи ова гласање е невалидно.

Значи имавме само 57 присутни пратеници.

Ги молам пратениците кои се уште не влегле во салата, да повелат да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Бидејќи имаме 63 пратеници во салата ќе го повториме гласањето.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 8, воздржано 1, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Ги молам службите уште еднаш да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата, затоа што имаме противење.

Значи, сметате дека имаме доволен број.

Тале, изброивме 63 и не е проблем ако треба ќе го повториме гласањето.

Отворам претрес по амандманот на член 4 алинеја 11, поднесена од пратениците Азис Положани, Сафет Незири, Теута Арифи, Агрон Буџаку, Адан Јашари, Ајше Селмани, Селвие Салију и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазарев:** Благодарам претседателе.

Овој амандман Владата не го прифаќа, меѓутоа веднаш да кажам дека ние со предлагачите разговаравме и тие имаат предложено три клучни амандмани за нив, со тоа што ќе го прифатиме следниот амандман на член 5.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата не го прифати амандманот.

За збор се јави господин Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам претседателе.

Ние без оглед за кој член станува збор и кои членови ќе бидат прифатени, тоа е легитимно право на Влада, но имајќи ја предвид нашата конструктивна работа во насока на подобрување на текстот, а и текстот да биде по прифатлив и за да се дефинираат некои прашања кои што посебно се однесуваат на член 4 последната алинеја каде што станува збор за афирмација на националниот идентитет во насока на научно истражувачка работа и дејност, со цел подобро да биде прифатливо од аспект на презентирање на научните вредности на националните идентитети на повеќе етнички заедници во Република Македонија, ние дојдовме со варијантата која што е многу поприфатлива. Националниот идентитет или пак зборот “национален” да се замени со она “државно”, знажи да се замени со терминот “државен идентитет” кој се однесува на сите граѓани во Република Македонија, без оглед на која национална припадност и припаѓаат и со тоа научно истражувачката дејност нормално ќе го идентификуваат својот национален идентитет во државата и надвор. Затоа и ние го предложивме овој амандман и верувам дека можеби ќе има разбирање од парламентарното мнозинство и ќе помине. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставаме на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеника, за гласале 8, воздржано 1, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за додавање нова алинеа 12 по алинеата 11, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер Лазарев.

**Јован Лазарев:** Овде се предлага во членот 4 да се дададе нова алинеа која што гласи: “Обезбедување на одржлив развој и заштита на животната средина”. Амандманот го подобрува текстот на законот и Владата го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман. Според тоа текстот на овој амандман станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 за менување на алинеја 4, поднесен од пратениците Азис Положани, Сафет Незири, Теута Арифи, Агрон Буџаку, Адан Јашари, Ајше Селмани, Селвие Салију и Зумрете Јакупи, под архивски број 07-564/2.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазарев:** Благодарам претседателе.

За овој член почитуваните пратеници имаат поднесено два амандмани и договоривме да го прифатиме вториот, така што овој Владата не го прифаќа и очекувам тие да го повлечат овој амандман, за да го прифатиме следниот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господин Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам господине претседателе.

Се работи за амандманот за кој верувам дека заменикот министер сака да признае односно да го прифати амандманот според арихивот 07-564/4.

Во однос на, ако внимателно ме слушнавте, се

сложува со тоа да биде прифатен амандманот под архивски број 07-564/4, па тогаш ние го повлекуваме овој амандман, односно ова што вие го прочитавте господине претседателе, остануваме на амандманот под тој архивски број кој што јас сега го кажав.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 за менување на алинеја 4, поднесен од пратениците Азис Положани, Сафет Незири, Теута Арифи, Агрон Буџаку, Адан Јашари, Ајше Селмани, Селвие Салију и Зумрете Јакупи, под архивски број 07-564/4.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазарев:** Благодарам претседателе.

Владата го прифаќа амандманот, со тоа што се надевам дека ќе се согласат предлагачите. Има мала непрецизност и јас би го прочитал точно како гласи во преамбулата. Значи да ја акцетираме преамбулата од Уставот на Република Македонија. Еве јас ќе прочитам: “Македноскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите”.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Незири.

**Сафет Незири:** Ги прифаќаме овие забелешки од страна на заменик министерот.

**Љубиша Георгиевски:** Според тоа, овој амандман е прифатен од Владата и текстот на овој амандман станува составен дел од текстот на Предлогот на законот, со измените.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазарев:** Благодарам претседателе.

Овде се предлага стилско преуредување на членот 5 став 1, а не гледам некоја суштинска промена и од тие причини не го прифаќаме амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеници, за гласале 8, воздржани нема, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за бришење на алинејата 6, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазарев:** Благодарам претседателе.

Овде се предлага бришење на една алинеа од член 5, каде што член 5 дефинира што е јавен интерес и меѓудругите наброени се сите подрачја на јавен интерес. Последна алинеја е од областа на одбрана и безбедност, што ние цениме дека и тоа е јавен интерес. Од тие причини не го прифаќаме амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван заменик министер, не се јавив за дискусија на претходниот амандман, заради тоа што не беше само стилско преуредување ако го прочитете попрецизно, ама да не се расправаме дополнително, меѓутоа ни сега не сте во право.

Во членот 5 во кој што се дефинира што и кои истражувања претставуваат јавен интерес, во првата алинеа се вели: “истражувања кои се придонес за развој на научната мисла и подигање на научното ниво во сите подрачја, полиња и области на науката”. Јас не знам зошто имате потреба одбраната и безбедноста да ги издвоите како посебен јавен интерес и кога во првата алинеја практички сте ги опфатиле сите подрачја за развој кои придонесуваат, за кои придонесува развојот на научната мисла. Развојот на научната мисла меѓудругото придонесува и во областите на одбраната и безбедноста. Значи, потполно непотребна алинеа. Не знам зошто имате потреба да дадете посебно значење на ваков начин на одбраната и безбедноста како јавен интерес, кога во првата алинеја практички сте ги дефинирале и сте ги опфатиле сите со една реченица. Ако некој друг го чита законот можеби ќе смета дека под јавен интерес треба да се издвојат посебно некои други области. Секој индивидуално гледа на одредени прашања што е она што дополнително посебно треба да се направи или дополнително треба да се потенцира како јавен интерес во научно истражувачката дејност и кои истражувања треба да се потенцираат. Ако ги прашате физичарите, тоа ќе биде дел од физиката и тоа се знае кој е кои делови. Меѓутоа, вака на овој начин мислам дека само непотребно го оптоварувате текстот на законот и уште повеќе внесувате забуна заради тоа што на ваков начин само покажувате дека има некаква определена тенденција сосема непотребно за закон за научно

истражувачка дејност.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманто го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за гласале 8, воздржан 1, против 47.

Констатира дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 за додавање нова алинеја 7 по алинеја 6, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазарев:** Благодарам претседателе.

Овде се предлага и во член 5 како што претходно беше предложено и во член 4 да се стави нова алинеја која гласи "одржлив развој и заштита на животната средина", ние го прифативме претходниот амандман и цениме дека нема потреба од два пати исто повторување.

Од тие причини не го прифаќаме овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван заменик министер, колеги пратеници, иако е една реченица тоа битно влијае на реализација на научно истражувачката дејност во функција на јавниот интерес. Ќе се обидам со поедноставни зборови да објаснам. Ние предлагаме во јавен интерес во научно истражувачката дејност "претставуваат истражувањата кои се", наведени се по алинеи и ние додаваме уште "одржлив развој и заштита на животната средина". Државата многу често и во овој собраниски дом преку соодветни законски проекти, национални програми за заштита на животната средина, превоз на опасни материи, запаливи супстанци, отровни материи и т.н., значи во повеќе сегменти на повеќе дејности во другите министерства ќе се јави потреба од апликативниот дел на научно истражувачката дејност во функција на јавниот интерес на државата, како нарачател Владата или одделни министерства. Значи треба да стои тука бидјеки со самиот член дефинирате кој е јавниот интерес на научно истражувачката дејност. Може да го внесете во првата алинеа, но тоа не е тоа, бидјеки таму е унапредување, подигање на научното ниво и второ, веќе се негирате самите себе си бидејки издвоивте еден сегмент од областа на одбраната и безбедноста, што е внесено во посебна алинеа и има апликативен карактер, одржливиот развој кој што е во сите други сегменти и особено заштита на животната средина која ќе биде, ако стои, за поздравување од било кое меѓународно тело кое ќе врши ревизија на овој закон, мислам дека само ќе го подобри текстот на законот. Беше најдобронамерно кажано, мислам дека ќе биде корисно ако стои. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 48 пратеници, за гласале 7, воздржано нема, против 41.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 3, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазарев:** Овде во членот 6 каде што се дефинира Националната програма за научно истражувачката дејност во третиот став, каде што во Националната програма се утврдуваат појдовните основи, на крај се предлага да се додадат зборовите "меѓународна димензија поврзано со стопанството и институционалната мрежа", Владата го прифаќа овој амандмна. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Владата го прифаќа овој амандман и според тоа текстот на овој амандман станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазарев:** Овој амандман Владата не го прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Јас предлагам да се смени ставот 4 во членот 6 кој гласи: Националната програма за научно истражувачката дејност е основа за насочување и утврдување на обемот на средствата од Буџетот на Република Македонија за вршење на научно истражувачката дејност. Сметам дека треба посебно да се потенцира обемот на средствата од Буџетот на Република Македонија со кои учествува секое министерство посебно. Инвестирањето во научно

истражувачката дејност не се однесува и не е ингеренција само на Министерството за образование и наука и затоа Националната програма за научно истражувачката дејност, нејзиното спроведување треба да се предвиди согласно Буџетот и во останатите министерства кои имаат свој удел при креирањето на ваквата програма. Заради тоа сметав дека тоа треба попрецизно да стои, за да има обврска и за други министерства кои ќе даваат предлози за Националната програма за научно истражувачката дејност да имаат средства во Буџетот на министерствата во своите буџети, средства со кои ќе финансираат одредени научно истражувачки проекти согласно Националната програма. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Герамитчиоски, имате збор.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван заменик министер, ова е одлична прилика во мојата дискусија во однос на текстот на законот, во општата расправа во однос на законот за она што го напоменав преку соодветен пример. Министерството за економија има своја ставка во Буџетот која е за оджлив развој и истражувачка дејност, паралелно спроведува некои активности кои се преклопуваат со активностите на Министерството за образование и наука. Ова беше одлична прилика Националната програма која ќе ја носи Владата на Република Македонија да биде основа за усогласување на активностите меѓу повеќе министерства, кои со конкретни чекори ќе покажат дека е тоа на ниво на владина програма, бидејќи дел од своите средства кои им се во Буџетот ќе ги вкалкулираат во Националната програма заедно со активностите. Се јавива за збор само за појаснување која е идеата, може да ни се прифати и ова е одлична прилика да се натера Владата конечно да направи усогласување на активностите меЃу повеќе минситерства и да се стави во функција на координирање од страна на Министерството за образование и наука. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 50 пратеници, за гласале 12, воздржано 1, против 37.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Гласањето не е валидно, во салата имаше само 60 пратеници за време на гласањето.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат за да можеме да функционираме.

(Во салата влегува пратеник).

Значи бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник, гласале 54 пратеници, за гласале 9, воздржано 2, против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1, за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазарев:** Овде се предлага Националната програма наместо Валдата да ја донесува Собранието. Цениме дека тоа припаѓа во доменот на извршната власт и од тие причини амандманот не го прифаќаме.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандмна.

За збор се јави госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Видете господине заменик министер, јас сметам дека тоа е во доменот на законодавната власт. Сега ќе се разубедуваме. Во претходниот мандат за прв пат во Република Македонија беше донесена Национална програма за развој на образованието, во чија подготовка беа активирани енормен број на експерти, без разлика на нивната партиска определба, беа организирани јавни дебати на сите можни нивоа, во кои беа вклучени и политичките партии и за прв пат Националната програма за развој на образованието беше донесена од овој законодавен дом. Со право кога одиме на нашите меѓународни средби се гордееме со таков документ, заради тоа што рекациите за постоењето на таков документ донесен на таков начин во Република Македонија е исклучително позитивен.

Сега повторно зборуваме за Национална програма, меѓутоа за научно истражувачката дејност. Со Националната програма за научно истражувачката дејност се утврдуваат развојните правци и приоритети за финансирање во научно истражувачката дејност. Согласно членот 6 став 3 се утврдуваат појдовните основи, целите, содржината и обемот на задачите од областа на науката, начинот на нејзиното координирање и спроведување, потребната истражувачка инфраструктура, начинот на финансирање на научно истражувачката дејност, проекции за потребите од кадрите за науката, показатели за следење на ефикасноста на оставарување на научно истражувачката дејност. И што е уште поважно, Националната програма е основа за насочување и утврдување на обемот на средствата од Буџетот на Република Македонија за вршење на научно истражувачката дејност. Буџетот на Република Македонија не е

ингеренција на извршната власт, Буџетот на Република Македонија го носи Собранието на Република Македонија и заради тоа она што на сите меѓуанродни собири, на сите конференции се потенцира е важноста на парламентарната димензија во буџетското проектирање на средствата не само во образованието, туку и изнаоѓање на механизми како Парламентот, комисиите или на пленарните седници може да влијаат на креирање на буџетската политика во една држава.

Амандманот предлага ваквата Национална програма да биде ингеренција на Собранието на Република Македонија заради тоа што тука природно припаѓа. Ние сме  тие што го претставуваат народот, граѓаните ни го дале мандатот за тоа и не може Владата да си го зема сама правото за креирање на национални програми, нешто што не е дел од извршната власт, туку напротив Владата може само да ја спроведува Националната програма која ќе ја проектира Собранието на Република Македонија. Јас сум убедена дека онака како што со консензус ја усвоивме Националната програма за развој на образованието за период од 10 години, така секој собранискис остав со консензус би можел да усвојува ваква Национална програма за научно истражувачката дејност заради тоа што тука практично нема разлики во тоа што би требало да бидат појдовни основи и цели и начинот на координирање и спроведување на научно истражувачката дејност во Република Македонија, уште повеќе во утврдување на обемот на средствата од Буџетот кои би требало да се оделат за научно истражувачката дејност. Утврдувањето на обемот на средствата за научно истражувачката дејност во Буџетот на Република Македонија е во рацете на Собранието на Република Македонија и за то ане може да одлучува друг орган. Ако тоа е дел од Националната програма, тогаш Националната програма мора да ја носи Собранието на Република Македонија. Меѓутоа, тоа е само еден дел од предлогот на овој амандман.

Во вториот дел од предлогот на амандманот се предлага Владата на Република Македонија на Собранието на две години да му поднесува извештај за спроведување на програмата и состојбата во научно истражувачката дејност. Неподелени се мислењата дека условите во кои работат нашите научни работници и буџетските средства кои се оделуваат за научно истражувачката дејност дека се многу мали. Земање обврска или давање во суштина обврска на Владата на секои две години да поднесува извештај за спроведување на програмата ни дава простор нам како пратеници да имаме увид во начинот на кој се спроведува Националната програма, дали има некакви отстапвуања и дали треба нешто дополнително да се корегира. Во спротивно, ние ќе се доведеме во ситуација во каква што сме денес, Владата на Република Македонија на почетокот на нејзиниот мандат требаШе да донесе програма за развој на високото образование за период од 4 години, до ден денес таа програма не е донесена. Меѓутоа, Собранието нема механизам како да ја натера Владата да ја донесе таа програма. Истото ќе се случи и со Националната програма за развој на научно истражувачката дејност, која треба да се донесува за период од 4 години, речиси паралелен податок како програмата за високо образовна дејност.

Мислам дека треба сериозно да размислите, можеби како член на извршната власт, како дел од извршната власт вам не ви оди во прилог вакво решение, меѓутоа, апелирам до оние пратеници од парламентарното мнозинство кои во овој момент не читаат весници и не си разговараат меѓу себе тука, ја следат дебатата, ќе сватат колку е важно ваков документ од национален карактер да биде во ингеренции на Собранието на Република Македонија. Во спротивно, на ваков начин со прифаќање на вакво решение Владата да ја донесува Националната програма Собранието само себе ќе си ги одземе ингеренциите кои му припаѓаат како  институции. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседател.

Почитувани колги пратеници, почитуван заменик министер,

Мислам дека од голема важност е почитуваните колеги пратеници, барем оние кои што се во салата да обрнат внимание на овој амандман и јас Ќе дадам подршка секогаш на сите амандмани и на сите дискусии без разлика од каде доаѓаат тие, дали се од пратеници од парламентарното мнозинство или опозиција, кога се работи за враќање на дигнитетот на Собранието.

Почитувани колеги пратеници,

Од една страна говориме дека дигнитетот на Собранието е во голема мера нарушен, со што се согласувам, меѓутоа, што сакаме ние искрено да направиме за да го вратиме тој дигнитет. Се почнува со сите овие работи, вклучувајќија и оваа Национална програма која ќе се однесува за научно истражувачката дејност, јас навистина не гледам зошто да не ја носи Собранието, до толку повеќе што ако се погледне целокупниот закон за научно истражувачката дејност и оние што не знаат од каква важност е научно истражувачката дејност во Република Македонија, не само за развојот на стопанството како што се говори туку и од она што токму овие денови е актуелно и ни се случува во Република Македонија, погледнете го членот 5 и ќе видите дека меѓу другото што е јавен интерес на науката. Значи претставува истражувања кои се однесуваат на областа на историскиот и културниот идентитет на македонскиот народ и заедниците што живеат во

Република Македонија. Ве молам, и за една вааква научно истражувачка програма треба да ја носи Владата или Собранието. Очекувам колегите пратеници едногласно да дадат подршка на овој амандман, а не да не обрнат ниту внимание на што се однесува овој амандман.

Почитувани колеги пратеници, не можете така ноншалантно да се однесувате кога се работи за почитување на Уставот. Впрочем, погледнете го членот 68, ќе видите дека во алинејата 17 вели: Собранието врши политичка контрола и надзор над Владата и над другите носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието.

Сега кога говориме за науката, без разлика од која свера е, меѓу другото ви прочитав и она што е многу битно зошто тука таа Национална програма да не ја донесе Собранието.

Колешката бара дури и да има некоја отчетност околу реализацијата на Националната програма и тука е во право. Кога ние имаме Национална програма, без разлика на што таа се однесува, па зарем Собранието не е највисок законодавен дом во државата, зарем не се пратениците оние кои го претставуваат народот и кои треба да носат вакви значајни одлуки. Не е работата само околу носењето на одлуката туку е поради тоа што оваа Национална програма за научно истражувачка дејност, кога ќе дојде во Собранието, ќе може да се дебатира тука и сите оние кои ги избрале пратениците, да слушнат што ќе опфаќа таа Национална програма за научно истражувачка дејност затоа што таа е основа, фундаментот е тука за развојот на државата. Така е поставен и законот. Законот е добар и јас ќе дадам поддршка на овој закон иако не е многу изменет од оној претходниот што го имавме, но тоа говори дека во 1994 година ова Собрание, уште тогаш донело добар закон кој во голема мера е усогласен со европското законодавство. Сега она што не било усогласено го усогласуваме и пред нас имаме релативно добар закон кој со овие мали технички подобрувања преку амандманите што ги имавме и неколку суштествени, мислам дека со право ќе кажеме дека Собранието на Република Македонија ќе донесе европски закон за научно истражувачка дејност.

Ве молам колеги пратеници да обрнете внимание на ова што се говори. Мислам дека со самото тоа што Националната програма за научно истражувачка дејност ќе ја донесе ова Собрание, на самата научно истражувачка дејност ќе и дадеме поголем дигнитет, поголемо значење, ќе го добие местото кое треба да го има во нашата држава.

Затоа уште еднаш ги молам колегите пратеници од парламентарното мнозинство, барем оние што го слушаат и што можат да се согласат со моите аргументи, мислам дека и тие го мислат истото, дека секогаш кога се станува пратеник треба да се почитува Уставот и да се залагаме за членот 68 од Уставот на Република Македонија, во целост да се имплементира. Така што овој пат ќе имаат доволно сила и доблест да дадат поддршка на амандманот и да кажеме еднаш дека навистина се издигаме на она ниво што треба и да го имаме.

Очекувам поддршка на амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине заменик министер имате збор.

**Јован Лазарев:** Почитуван претседателе, почитувани пратени,

Долгорочни програми кои зафаќаат повеќе мандати, логично е да ги носи Собранието. Меѓутоа, овде се работи за една програма која е четиригодишна програма, која всушност е и владина програма. Значи Програмата се донесува за толку години колку што е и мандатот на Владата. Овде сега и да покажеме добра волја треба целиот член да се редефинира, бидејќи стои дека Министерството ја предлага, па Националниот комитет итн, ќе ни создаде големи проблеми околу целата дефиниција. Од тие причини не можеме да го прифатиме овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине заменик министер.

За реплика се јавува госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Не можам да се согласам со образложението на почитуваниот заменик министер. За што говориме ние, Владата ја носи за четири години. Тоа значи дека секоја влада во првиот момент кога ќе дојде, ќе донесе нова програма за научно истражувачка дејност. Еве од оваа Влада веќе скоро две години поминаа па нема донесено Национална програма за научно истражувачка дејност. А тоа кој ја подготвува и кој ја предлага, тоа апсолутно, ве молам почитуван колега, да не го врзуваме со тоа кој ја донесува. Имаме и многу други закони. Нормално законите ги предлагаат одредени министерства, па ги носи ова Собрание. Апсолутно не се согласувам дека треба да се менува тоа кој ја предлага, дали ја предлага Министерството, дали ја предлага Националниот комитет кој ќе се основа тука. Логично е тие да ја предлагаат. Логично е Министерството да ја изготвува програмата затоа што таму има стручни и компетентни лица од оваа област, да ја дадат во Собранието и тука да се дебатира, да се спротивставаат и да се усогласат со ставовите и Собранието да ја донесе.

Значи, тоа кој ја предлага, ве молам почитуван заменик министер, воопшто не влијае на тоа кој ќе ја донесе програмата. Мислам дека е логично да го прифатите овој амандман и тука да ја завршиме дебатата затоа што реков дека, ако вие не го прифатите, барем колегите од парламентарното мнозинство да дадат поддршка затоа што се работи за нешто што е многу

суштествено. Мислам дека овој закон, со прифаќањето на овој амандман само ќе добие на квалитет. Верувајте нема ништо да изгуби, ниту пак Владата ќе биде исклучена при носењето на Националната програма за научно истражувачка дејност. Таа ќе биде она што ќе ја понуди. Гледаме и во Националниот комитет се вклучени претставниците од Владата, министерот. Значи тие активно ќе учествуваат при изготвувањето на Националната програма. Не го гледам стравот од тоа да може Собранието да го каже конечниот збор. Напротив, ви велам, со тоа и самата Национална програма добива на вредност, значи ја усвоил највисокиот законодавен дом, а со тоа нејзината реализација во поголема мера ќе биде овозможена. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете заменик министер имате збор.

**Јован Лазарев:** Благодарам.

Ако може да дадете пет минути пауза, да се договориме и да успееме да го предефинираме овој член, за да не направиме грешка. Еве покажуваме добра волја.

**Љубиша Георгиевски:** Објавувам прекин за да се додефинира членот за кој станува збор.

Објавувам пауза од пет минути.

(По паузата)

Продолжуваме со работа.

Ги повикувам пратениците да се вратат во салата за да продолжиме со работа.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата за да можеме да продолжиме со работа.

Продолжуваме со работа.

Повелете госпоѓо Грковска, прочитајте го усогласениот текст на амандманот.

Ве молам за тишина.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе колешки и колеги пратеници,

Сакам да го изразам моето задоволство дека најдовме заеднички компромис што во суштина ќе придонесе Националната програма за научно истражувачката дејност да ја донесува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата.

Се договоривме за следната формулација што е прифатлива и за мене како предлагач и за заменик министерот за образование, затоа интегрално сега ќе го прочитам ставот 1 од членот 8 за да нема дилеми. Предлагаме членот 8 став 1 да гласи:

“Националната програма ја донесува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија (во понатамошниот текст Владата) за период од четири години, а по претходното мислење на Националниот комитет за развој на научно истражувачката дејност и технолошки развој и МАНУ”.

Дали има потреба уште еднаш да го прочитам?

**Љубиша Георгиевски:** Мислам дека нема.

Повелете господине заменик министер.

**Јован Лазарев:** Ова што е ставено во заградата (Владата на Република Македонија) нема потреба да стои, затоа што треба да стои Собранието, бидејќи е орган што ја донесува. Другото е прифатливо, еве, го прифаќаме амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Значи, со таа измена, тоа е техничка грешка во заграда да стои Собранието, а не Владата и во тој случај амандманот го прифаќа, да.

Во тој случај можам да констатирам дека Владата го прифаќа амандманот со овие измени и дополни текстот на оваа најнова верзија на амандманот претставува веќе составен дел на текстот на Предлогот на законот. Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер.

**Јован Лазаров:** Се однесува, сега веќе на новодефинираниот став 1 на членот 8, каде што се предлага да се продолжи, значи мислење за Националната програма треба да дадат Националноит комитет за научно истражувачката дејност, МАНУ и Интеруниверзитетска конференција. Добро е сите тие да бидат вклучени во донесувањето на Националната програма, да дадат свое мислење и од тие причини го прифаќаме овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа и овој амандман.

Текстот на овој амандман станува составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер.

**Јован Лазаров:** И овој амандман Владата го прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** И овој амандман Владата го прифаќа.

Според тоа, текстот на овој амандман станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот н а член 9 став 2 алинеја 2, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер.

**Јован Лазаров:** И овој амандман Владата го прифаша.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа и овој амандман, според тоа текстот на овој амандман станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2, алинеја 10, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер.

**Јован Лазарев:** Амандманот Владата го прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа и овој амандман.

Според тоа, текстот на амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер.

**Јован Лазаров:** Овде се работи за составот на Националниот комитет.

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави госпоѓа Славица Грковска, повелете имате збор.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници,

Го предложив амандманот заради тоа што сметам дека Националниот комитет за развој треба да биде составен, меѓу другото од претставници од научните подрачја од редот на научно истражувачкиот кадар, меѓутоа критериумот за избор на овие кадри да биде бројот на објавени научни трудови во меѓународни списанија со импакт фактори во последните три години. Заради тоа што сметам дека на тој начин ќе се обезбеди поголема стручност на Националниот комитет за развој, а тоа е еден од критериумите како се вреднуваат научните работници во Република Македонија.

Мислам дека само ќе придонесе за уште подобар состав на Националниот комитет за развој, а од друга страна ќе ги поттикне и останатите научни работници да се обидуваат да објавуваат научни трудови во меѓународни списанија со импакт фактори, нешто што е критериум за рангирање на научните работници во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи немам повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата)

Во моментот на гласањето во салата имаше 49 пратеници. Според тоа гласањето е невалидно и ќе треба да го повториме.

Ги замолувам пратениците кои не се влезени во салата да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Ги повикувам пратениците кои не се влезени во салата да повелат да влезат за да можеме да гласаме.

Продолжуваме со работа.

Повелете госпоѓо Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, во интерес на побрзо донесување на законот го повлекувам амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Овој амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1 поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер.

**Јован Лазаров:** Овде се предлага Националниот комитет за развој, составен од 9 членови, а во Предлогот треба да го води министерот надлежен за работите на образованието и науката, да биде место министерот претседателот на Владата. Ние сега прв пат правиме ваков национален комитет, да почне да работи, да функционира, да живее, па после следниот пат, кога ќе правиме измени и дополнувања, можеме да размислуваме да го вклучиме и претседателот. Од тие причини сега не го прифаќаме амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот Владата не го прифаќа.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван заменик министер, да го разгледаме целокупно амандманот.

Во некои одредби може да се избрише, но некои одредби ќе мора да прифатите, еве зошто.

Кога ја правевме Националната програма за развој на образованието, направивме едно Координативно национално тело на чие чело беше претседателот на Владата и уште повеќе, ги повикавме сите лидери и на опозиционите партии да влезат во тоа национално тело, меѓу другото и на сегашниот премиер Груевски, јас лично му понудив заради тежината што тој документ, што ќе се изготви, имаше значење за Република Македонија.

Овде, јас прифаќам, ваше образложение дека премиерот можеби нема да сака да застане на чело на овој Национален комитет иако е добро заради тежината на документот што ќе се носи од ова Собрание, стратешки навистина да се даде приоритетно значење за развој на науката. Значи, навистина да се даде приоритетно значење за

развојот на науката но тука сте напишале “претседател на комисијата за технолошки развој”, а сте го изоставиле “претседателот на Националниот комитет за развој на научно истражувачката дејност”, кој што го воспоставувате во членот 9 и тоа ви е грешка. Затоа јас во тој амандман ја поправам грешката, наместо претседател на Комисијата за технолошки развој, претседател на Националниот комитет кој што во претходниот член го воспоставувате. Не е логично Националниот комитет за развој да не учествува, претседателот на Комисијата за технолошки развој да се замени со претседател на советот за научно истражувачка дејност, се извинувам направив лапсуз јас, ама тој дел на амандманот ќе мора да го прифатите за да се направи корекција од технички аспект. Поправка на текстот законот.

Трето, овој амандман, значи се состои од три предлози.

Првиот предлог е претседателот на Владата да заседава со Националниот комитет. Вие велите не, јас прифаќам не, нека остане министерот.

Вториот предлог во амандманот е да се замени “претседател на Комисијата за технолошки развој” со “претседател на Советот за научно истражувачка дејност”.

Тоа мора да го прифатите бидејќи ви се коси со самиот Предлог на закон,

И третиот предлог во амандманот е “шестте члена од шесте научни подрачја од редот на наставно научниот истражувачкиот кадар” да биде “по предлог на Интер универзитетската конференција која што претходно распишала конкурс”.

Тоа е добро бидејќи кој ќе ја имплементира оваа програма, факултетите, универзитетот и јавните научни институции. Ако тие не учествуваат во изработката со своите претставници, во кој што јасно и децидно ќе се стават на маса кои работи можат да се сработат кои не можат да се сработат. Едноставно вие ќе носите програма без оние кои што треба да ја иплементираат таа програма, дали ќе можат да ја имплементраат таа програма. Дали можат да ја имплементираат таа програм. Значи најдобро намерно е претходно да си има конкурс на кој ќе се пријават научни работници и Интер универзитетската конференција ќе даде предлог во тој Национален комитет да бидат застапени со тие членови. Мислам дека поквалитетно е тоа и многу побрзо ќе биде иако процедурата ви изгледа подолга. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Што мисли Владата?

Повелете господине заменик министер.

**Јован Лазаре:** Бидејќи предлагачот го повлече оној дел за премиерот да го води или да биде член на националниот комитет, подготвани сме да ја прифатиме само измената во член 10, каде што стои “претседателот на Комисијата за технолошки развој” да стои “претседателот на Советот за научно истражувачка работа”. Само тој дел сме подготвени да го прифатиме.

**Љубиша Геогиевски:** Благодарам. Значи постигнат е договор.

Според овој договор цитираниот текст од амандманот од страна на господинот заменик министер станува дел од Предлогот на закон.

Отварам претрес по амандманот на член 14 став 1 поднесен од пратениците Азис Положани, Сафет Незири, Теута Арифи, Агрон Буџаку, Аднан Јашари, Ајше Селмани, Селвие Салиу и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер.

**Јован Лазарев:** Овој амандман Владата го прифаќа.

Само да кажам за што се однесува бидејќи имаше дискусии во првиот дел од расправата за овој закон. Се работи за Одборот за етичност каде што стои во текстот “Владата именува претседател и членови на Одбор за етичност”, во понатамошниот текст “одбор”. Значи овој збор “Владата именува претседател” се брише зборот “претседател” и стои само, “Владата именува членови на Одборот за етичност”, а одборот за етичност сам си бира претседател.

Значи Владата го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Значи Владата го прифаќа овој амандман и текстот на овој амандман станува составен дел на текстот од Предлогот на закон.

Отварам претрес по амандманот на член 14 став 2 поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер.

**Јован Лазарев:** И овој амандман Владата го прифаќа.

Овој амандман е во функција на усогласување со законот за високо образование. Стоеше во текстот “ректорска конференција”, сега се предлага да стои “Интеруниверзитетска конференција” и како таков е прифатлив за Владата.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман и текстот на овој амандман станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 14 за заменување на местата на ставовите 8 и 9, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер.

**Јован Лазарев:** Овде се предлага формална замена на два става.

Амандманот не го прифаќаме.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави пратеникот Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Моето мислење беше дека обратниот редослед на ставовите во овој член е пологичен.

Ако тоа не е прифатливо за Владата, тогаш го повлекувам амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отварам претрес по амандманот на член 16 став 2, за додавање нова алиниа 4 по алинеа 3, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер.

**Јован Лазарев:** Областа која се предлага во амандманот е регулирана со други членови, значи постои ва законот. Од тие причини Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиевски**: Господине заменик министер, се отвори простор за повеќе можности за основање на јавни научни установи. Можат да бидат и приватни ако исполнуваат јавен интерес.

Дебатиравме во Законот за високо образование какви се надлжности можат да имаат и во делот на високо образовнат дејност.

Добро би било, за да не се случи хаос или манипулација на владината согласност која ќе ја даде за основање на јавна научна институција, јавна научна установа да не биде целосно имплементирано од предлагачот. Затоа ние предлагаме Министерството за образование и наука да биде контролор на исполнетост на условите кои што претходно биле дадени.

Јас не се сеќавам дека се дадени овие одредби во некој друг закон, но ако има такви одредби тоа би било во функција на прифаќање, бидејќи контролниот механизам се зајакнува и заради некои други цели.

Мислам дека е од интерес на државата, пред се Министерството да ја преземе улогата на контролен механизам на целиот овој процес. Благодам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот заменик министер.

**Јован Лазарев:** Овој амандман е регулиран во членот 48 и нема потреба два пати да го повторуваме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине заменик министер.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 46 пратеници. За гласале 7, воздржано 1 и против 38.

Молам службите да достават точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Во салата за време на гласањето имаше 59 пратеника.

Молам пратениците кои сеуште не влегле во салата, да влезат во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник, гласале 57. За гласале 10, воздржано 1 и против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отоворам претрес по амандманот на член 17 став 3 за дадовање нова алинеја 5 по алинејата 4, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер.

**Јован Лазарев:** Овде се работи за истиот текст на амандман.

Предлагачот предлага во сите овие членови да стои истата реченица “при формирање на јавна научна установа, мешовита јавна установа, приватна научна установа”, исполнетоста на условите да ги проверува Министерството за образование и наука и да изврши упис во регистарот и издаде решение.

Уште еднаш повторувам, оваа материја е регулирана во член 48 и нема потреба 3-4 пати да стои во законот.

Од тие причини во знак на добра соработка го повикувам пратеникот да ги повлече овие два следни амандмани.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине заменик министер.

Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Дозволете да ви го цитирам членот 48, па потоа поправете ме.

“Доколку Министерството утврди дека субјектите за вршење на научно истражувачка дејност не ги исполнуваат условите предвидени со овој закон ќе се определи рок за нивно исполнување кој не може да биде подолг од 6 месеци”.

Значи ќе им дадете предупредување да ги поправат.

Значи, претпоставуваме дека тие работат веќе, дека се регистрирани. Вели, бидејќи вториот став го потврдува тоа и пишува: “Доколку субјектите за вршење на научно истражувачка дејност во

предвидениот рок од став 1 на овој член не ги исполнат условите предвидени со овој закон министерот донесува решение за бришење од регистарот на субјектите за вршење на научно истражувачка дејност за што го известува основачот".

Јас зборувам дека во сите овие три амандмани по сите три членови кога се основа да се впише прво во регистарот. Како ќе бришете некого кога уште не е внесен во регистерот. Прво треба да ги оценувате условите при оценувањето дали се исполнети, вие да вршите улога на еден вид на одбор за акредитација колега, па да го впишете во регистерот.

Во член 48, кога ќе утврдите дека отстапуваат одредбите од овој закон му давате предупредување да влезе повторно во колосек, ако не да го бришете од регистерот. Вие не сте го впишале.

Овие три одредби, жал ми е не ги усвоивте и на првиот, за јавните научни установи, значи вие оценувате како Министерство дали Владата кога му дала зелено светно на некого да основа јавна научна институција се пријавила кај Владата и таа дала зелено светло. Вие вршите супервизија дали ги исполнува тие услови кои што Владата бланко претходно им ги дала и потврдувате со впишување во регистарот.

Ако ви е досадно, јас се извинувам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратника. За гласале 8, воздржано 1 и против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Објавувам пауза, прекин за ручек до 15,00 часот.

(Пауза од 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,28 часот)

**Благој Зашов:** Со оглед на тоа што немаме доволен број на пратеници за работа попладне, ја прекинувам седницата.

Ќе продолжиме утре со нова седница за пратенички прашања. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 15,29 часот)